## ИНФОРМАЦИИ

# НАЈНОВИ ИНФОРМАЦИИ:
# ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПОВЕЌЕ ЗАКОНИ

***Во „Службен весник на РМ", бр. 24 од 25.02.2011 година објавени се нови прописи како и измени и дополнувања на повеќе прописи. Во нашите наредни списанија ќе следат опширни коментари. Во овој БИЛТЕН се дадени само кратки информации.***

## 1. ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

*Измените и дополнувањата на Законот за данокот на додадена вредност влегуваат во сила од 5 март 2011 година. Измената е прецизирање на примената на повластената стапка (5%) за:* ***медицинска опрема, помагала и други уреди чијашто намена е исклучиво за олеснување или третирање на инвалидност исклучиво за лична употреба од страна на инвалидни лица.***

## 2. ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

*Измените и дополнувањата на Законот за акцизите влегуваат во сила од 5 март 2011 година. Измените и дополнувањата се во делот на* ***обележување на минералните масла*** *(кои се користат во моторни возила) и измени* ***во висината на глобите за сторени прекршоци.***

## 3. ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

*Измените и дополнувањата на Законот за девизното работење влегуваат во сила од 5 март 2011 година, освен членовите 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за девизното работење (измените се однесуваат на инспекцискиот надзор) кои се применуваат од 1 април 2011 година. Измените и дополнувањата се во делот на* ***инспекцискиот надзор*** *и во* ***висината на глобите за сторени прекршоци.***

## 4. ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

*Измените и дополнувањата на Законот за трговските друштва влегуваат во сила од 5 март 2011 година. Измени и дополнувања се направени во делот на основање на трговски друштва* ***односно прецизно е нагласено кој не може да основа трговско друштво, дадена е можност за поднесување на пријавата за упис во трговскиот регистар и во електронска форма, актите и изјавата по член 32 од ЗТД не се заверуваат нотарски доколку пријавата се поднесува во електронска форма преку едношалтерскиот систем, измена во делот на престанок на мандатот на управителот во случај на поднесување оставка, измена во делот на обврската за вршење попис кај трговците поединци, кај ликвидацијата на трговските друштва, казнените одредби и тн.***

## 5. ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО ЗА БУЏЕТИТЕ И БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

*Измените и дополнувањата на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници влегуваат во сила од 5 март 2011 година. Измените и дополнувања се во* ***промена на износот според кој се разграничува опремата од ситниот инвентар*** *и во* ***висината на глобите за сторени прекршоци.***

## 6. НОВ ЗАКОН ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ

*Законот влегува во сила од 5 март 2011 година, а се применува од 5 септември 2011 година, освен членовите 66 ставови 1, 2 3, 4 и 5, 160 став 2, 161 став 2, 162 став 2 и 163 кои се применуваат од 5 март 2011 година. Исто така одредбите на членовите 55 став 6, 75, 79, 89 и 94 ќе се применуваат од 1 јануари 2012 година.*

*Со денот на започнувањето на примената на новиот Закон за игрите на среќа и за забавните игри престанува да важи стариот Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на РМ", бр. 10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07) освен одредбите на членот 78-а во делот со кој се уредени надоместоците во месечен износ за рулет маса, за други маси и за автомати на игри на среќа кои ги наплаќаат приредувачите на игри на среќа во казино и автомат клуб и одредбите на членот 79-а во делот со кој е уредена посебната давачка која ја плаќаат приредувачите на играта на среќа обложувања на спортски натпревари, кои престануваат да важат со денот на влегувањето во сила на новиот Закон.*